Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Март 2023
Бр. 05

# Антикорупциски месечник

Платформата  на граѓански организации за борба против корупцијата е активна мрежа на граѓански организации која промовира добро владеење, предводи иницијативи и презема чекори за застапување во насока на охрабрување на граѓаните и  поттикнува политичка волја за борба против корупцијата во Република Северна Македонија.
Антикорупциски месечник е информатор на Платформата на  граѓански организации за борба против корупцијата. Прикажани се активностите на членките во изминатиот месец.

ПЛАТФОРМА
на граѓански организации
за борба против корупцијата

## Дигитализацијата во образованието

**Фондација за интернет и општество Метаморфозис**

Во синергија со проектот “Зголемување на граѓанското учество во Дигиталната агенда – ICEDA” кој е кофинансиран од Европската Унија, и проектот „Веродостојни вести за оспособена младина“ финансиран од Британската амбасада во Скопје, организиравме дебата за млади „Дигитализацијата во образованието“.



**Македонски центар за меѓународна соработка**

## Потребни се координирани акции во борбата против корупцијата во Југоисточна Европа




Претставници на антикорупциските институции и граѓански организации имаа можност да споделат добри практики и практични решенија за заеднички акции. Говорниците се фокусираа на достапните методологии и политики за откривање и санкционирање на незаконито богатење и обезбедување препораки како анкетните листови може да се користат поефективно во превенција на корупцијата. Александар Кржаловски, директор на МЦМС ја модерираше оваа сесија и истакна дека потребно е да се преземат чекори за надградување на постоечките антикорупциски политики и мерки и го потенцираше потенцијалот на јавно-приватното партнерство во превенцијата и борбата против корупцијата.

### Фондација за интернет и општество Метаморфозис




## Само 6,5 отсто од барањата за изводи во 2022 година граѓаните ги пополниле во електронска форма

Само 6,5 отсто од барањата поднесени од граѓаните за издавање на извод од матична книга на родени, умрени или венчани се во електронска форма, додека останатите се поднесени лично, односно со физичко присуство. Од друга страна, има нагорен тренд кај бројот на граѓани кои закажуваат термин за издавање на лична карта или патна исправа преку електронскиот систем. Ова го покажуваат податоците што ги обезбеди Порталб.мк во соработка со проектот „Зголемување на граѓанското учество во Дигиталната агенда – ICEDA„ за одредени услуги во РСМ кои најмногу ги користеле граѓаните во текот на 2022 година

### Коалиција Сите за правично судење

## Панел дискусија: Права и обврски на клиентот во односот со својот адвокат

Коалиција Сите за правично судење на 24.03.2023 година, организираше панел дискусија на тема „Права и обврски на клиентот во односот со својот адвокат“. Оваа панел дискусија беше наменета за граѓаните, и имаше за цел јавноста подобро да се запознае со различните процеси битни за општествено функционирање и правната култура во земјата.
Панел дискусијата беше реализирана онлајн, со обезбедено стримање во живо преку Фејсбук страната на Коалиција. Свои излагања во улога на панелисти имаа: судија од Основен кривичен суд г-ѓа Даниела Алексовска Стојановска и адвокат од Адвокатско друштво Гоџо, Кичеец и Новаковски, г-дин Александар Гоџо. По нивните излагања, граѓаните кои ја следеа дискусијата, имаа можност да поставуваат прашања на темата, и да добијат одговор на истите.



### Транспаренси Интернешнл – Македонија

## Прес-конференција: Македонија констатира судир на интереси во работењето на Агенцијата за филм



ТИ Македонија по спроведениот мониторинг на постапката за избор на филмски проекти во рамки на Конкурсот за финансирање на проекти за 2022 година, констатира дека Агенцијата за филм треба повеќе да го потенцира прашањето за судир на интереси на повисоко приоритетно место во начинот на своето постапување.
Во Конкурсот за финансирање на проекти за 2022 година Агенцијата за филм не обезбедила непристрасност и објективност кај сите учесници преку кои се спроведувал овој Конкурс, поради што се исполнети услови истиот да биде оценет како нелегитимен и незаконски.

## Институт за демократија

## Корупцијата и националната безбедност: Како се завршува на црната листа на САД




„Црната листа“ којашто САД започна да ја креира за лица од Западен Балкан вмешани во дела од висока корупција треба да биде препознаена како можност за зајакнување на домашните антикорупциски напори. Националните власти треба да покажат подготвеност да се вклучат во глобалните санкции по лица кои со своето учество во корупција делуваат корозивно во земји кои ни се партнери и да го следат примерот на САД, Обединетото Кралство и ЕУ. Уште поважно од ова е властите да преземат активности и домашните корупциски актери навремено да ги санкционираат, со што ќе се демонстрира подготвеност за борба против корупција, наместо да се чека меѓународните партнери да го решаваат проблемот. На овој начин, државата ќе покаже дека е сојузник во борбата против корупција и дека се приклучува кон напорите на меѓународната заедница за справување со корупцијата во државата.

## Фондација за интернет и општество Метаморфозис

## Видео: Дигиталната трансформација и граѓанскиот сектор – Зошто е важна нашата работа? (Фондација Метаморфозис, Северна Македонија)




Граѓанското учество е важно во процесот на дигитална трансформација на јавните услуги, затоа што само ние граѓаните ги знаеме нашите потреби, и истите треба да ги пренесеме на институциите за да тие можат соодветно да одговорат на нив.

Од институциите треба да бараме ефикасни, безбедни електронски услуги, кои одговараат на нашите потреби и се лесни за употреба, за да ни ги заменат секојдневијата со чекање пред шалтери, трошење на пари и време за добивање на одредена јавна услуга

## Транспаренси Интернешнл – Македонија

## Соопштение за Маѓар Телеком – Транспаренси Интернешнл – Македонија



Основниот Кривичен суд во Скопје пресуди вина за обвинетите Атила Сендреј, Ролф Плат и Золтан Кишјухас во Случајот „Маѓар Телеком“ на кои им е пресудено во отсуство, бидејќи не се достапни за органите на прогон. Согласно пресудата, обвинетите се огласени за виновни за кривичното дело Несовесно работење во службата од чл. 353 – в ст.4 в.в. со ст.3 в.в. со ст. 1 од КЗ и се осудуваат на казни затвор од по 8 години за секој од обвинетите. Транспаренси Интернешнл Македонија го следи овој случај уште од 2012 година по објавата на резултатите од истрагата на американската куќа Вајт и Кејс покрената по укажувањата на внатрешната ревизија во Маѓар Телеком. Постоеле сомневањаво законитоста на склучени и исплатени договори од кои би произлегла низа на коруптивни кривични дела, предвидени со Законот за странски коруптивни постапки Foreign Corrupt Practices Act (FCPA) на САД, односно казниви според македонското и законодавства на други држави.

Македонски центар за меѓународна соработка

## Работилница за воведување на иновативни аспекти во Системот за следење на корупцијата во доменот на следење на заробеноста на судството и медиумите



На 29 март, се одржа интерна работилница за дискусија на Системот за следење на корупција и негово проширување за следење на состојбите во доменот на заробеноста на судство и медиуми за 19 претставници од 7 организации од регионалната мрежа за антикорупција СЕЛДИ.

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

## Индекс на отвореност: Во тек е седмиот бран на мерења на отвореноста на извршната и законодавната власт

Мрежата ACTION SEE – Мрежа за Одговорност, Технологија и Институционална Отвореност во Југоисточна Европа со поддршка на Национален фонд за демократија преку проектот Using New Media to Promote Government Transparency, започна седмиот бран на мерења на отвореноста на извршната и законодавната власт во четири земји од регионот (Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Србија и Црна Гора) преку Индексот на отвореност.

Транспаренси Интернешнл-Македонија

## Регионалната мрежа за антикорупција СЕЛДИ со локални активности во наредниот период



Јасмина Ристовска, проектен координатор потсети на работниот план за првата проектна година и беа дискутирани подготвителните активности за спроведување на СЕЛДИ системот за следење на корупција- членките на СЕЛДИ ќе имаат обука на 29 март со цел запознавање и надоградување на истражувањето, процесот на подготовка на Комуникациската стратегија, како и подготвителни активности за повикот за доделување на мали агрантови на тнр. грас-рут и мали организации кои работат во областа на антикорупцијата и идентификување на теми за обуки кои ќе бидат дел од програмата за градење на капацитети на граѓанските организации.

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

## Одржана втора работилница на ACTION SEE мрежата



ACTION SEE (Одговорност, технологија и мрежа за институционална отвореност во регионот на Југоисточна Европа) е мрежа на граѓански организации кои заеднички работат на промовирање и обезбедување одговорност и транспарентност на владите во регионот на Југоисточна Европа, зголемувајќи го потенцијалот за граѓански активизам и граѓанско учество, промовирање и заштита на човековите права и слободи на интернет и градење капацитети и интерес кај граѓанските организации и поединци во регионот за користење на технологијата во работата за промовирање на демократијата.

Коалиција Сите за правично судење

## Работен состанок: Предизвици и клучни проблеми со кои се соочува судството

Коалиција Сите за правично судење на ден 29.03.2023 година, организираше работен состанок на кој што со присутните учесници дискутираа за детектираните предизвици и клучни проблеми со кои се соочува судството, а кои директно зависат од судскиот буџет и обезбедувањето на истиот во износ кој одговара на законски предвиденото ниво. На состанокот присуствуваат членови на Судско буџетскиот совет, како и Заменик на Претседателот на владата задолжен за политики за добро владеење.



Институт за демократија

## Слабости на капацитет во справување со загадување на воздухот




Ниската еколошка свест, слабите институционални капацитети, лошите практики и несоодветните мерки придонесоа за еколошките проблеми во Северна Македонија. Покрај предизвиците, сè уште има начини на кои граѓаните можат да преземат активности за да помогнат во ублажувањето на ефектите од еколошката корупција во Македонија. Со подигање на свеста за ова прашање и залагање за посилни регулативи и мерки за спроведување, граѓаните можат да направат разлика во нивните заедници.

Владата мора да преземе повеќе активности, како што е сузбивање нелегални активности кои придонесуваат за загадување на воздухот или воведување построги регулативи за компаниите кои работат во Северна Македонија. Само тогаш ќе можеме да видиме вистински напредок во намалувањето на корупцијата и подобрувањето на квалитетот на воздухот во Северна Македонија.

# Платформата во медиумите

**Транспаренси Интернешнл-Македонија**



## Изјавна Претседателката на ТИ-Македонија, г-ѓа Слаѓана Тасева за извештајот на Стејт Департментот: Причината поради неефикасноста е високата корупција и влијанијата од бизнис и политичките кругови

Претседателката на Транспаренси Интернешнл Македонија за извештајот на Стејт Департментот за состојбата со владеењето на правото и корупцијата во Македонија соопшти дека корупцијата е вкоренет проблем во државата и дека е потребна целосна реформа во правосудството, како и ветинг. Г-ѓа Тасева изјави дека: "Високата корупција е и висок економски криминал, перење на пари и нелегални движења на парите стекнати по пат на корупција. Владата треба да се определи за целосна реформа во правосудството, вклучувајки ветинг".

# Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ

ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии

Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје

Институт за човекови права

Здружение Конект Скопје

Коалиција Сите за правично судење

Македонски центар за меѓународна соработка

Фондација за интернет и општество Метаморфозис

Граѓанската асоцијација МОСТ

Институт за економски стратегии и меѓународни односи - Охрид. (Институт Охрид)

Транспаренси Интернешнл- Македонија

Транспарентност Македонија

Фондација отворено општество Македонија

Форум ЦСИД

Хелсиншки комитет за човекови права

Центар за граѓански комуникации

Центар за истражување и креирање политики

SCOOP – Центар за истражувачко новинарство